ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2018 ГОДИНА НА
# НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА САМОСТОЈНОСТ

## СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (603)

01 2019 05 01/1

**Скопје, јануари 2020 година**

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 14 |
| Финансиски извештаи за 2018 и 2017 година | |
| Сметка на основен буџет 603 | |
| Биланс на приходи и расходи | 15 |
| Биланс на состојба | 16 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 17 - 20 |
| - Сметководствени политики | 21 - 23 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 23 - 25 |
| **Прилози** | |
| Прилог 1 | |

Кратенки користени во извештајот:

НУ – Национална установа
ЗЈН – Закон за јавни набавки

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Број:14-251/1

Дата: 04.02.2020

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Националната установа Музеј на македонската борба за самостојност (во натамошниот текст Музејот) сметка на основен буџет (603), за 2018 година.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2018 година, додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива изрази неповолно мислење.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (603) на Музејот за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Музејот, сметка на основен буџет (603) за 2018 година, е констатирано следното:

- не е воспоставен систем на внатрешни контроли и не се донесени процедури за движење на документацијата и систем за следење и контрола на сметководствената документација со јасно дефинирани и разграничени надлежности и одговорности во однос на потврдување на комплетноста и веродостојноста на трансакциите;

- не е воспоставен систем на водење на сметководствената евиденција и деловните книги одделно за сметките преку кои се извршува работењето на Музејот;
- проценувањето на позициите во финансискиот извештај - Биланс на состојба не е во согласност со законските и подзаконските акти;
- евиденцијата на материјалните средства е нецелосна и не се пресметува и евидентира амортизација и ревалоризација во деловните книги;
- пописот на средствата и изворите на средствата со состојба на 31.12.2018 година не е извршен на начин како што е предвидено во законските и подзаконските акти.

Со цел подобрување на состојбите, ревизијата даде препораки за преземање на мерки и активности заради надминување на утврдените состојби.

Во делот - Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата ја истакна состојбата со избор на в. д. директор во услови кога не е именуван директор на Музејот.

Од страна на одговорното лице на Националната установа Музеј на македонската борба за самостојност не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 15 и 16 заедно со ревизија на усогласеност на Музејот на сметката на основен буџет за 2018 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември и Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум за 2018 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (603) на Музејот за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Бранислав Светозаревиќ, директор од 15.05.2015 до 22.08.2018 година, и
- Даниела Николова, в д директор од 23.08.2018 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5 Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски

докази за тоа дали приходите и трошоците на НУ Музеј на македонската борба за самостојност - Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Заради прашањата опишани во точка 3 – Наоди и препораки, ние не бевме во можност да добиеме достатен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена (со прекини) во периодот од 08.07.2019 до 30.09.2019 година кај НУ Музеј на Македонската борба за самостојност од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 24.10.2019 година.

Од страна на одговорното лице на Националната установа Музеј на македонската борба за самостојност не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

Констатирани се следните состојби:

### 3.1 Внатрешни контроли

3.1.1 При оценка на системот на внатрешни контроли, а со цел да се утврди дали истите се дизајнирани и функционираат согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, поради нивното влијание за усогласување на работењето со законите и другите прописи, ревизијата го констатира следното:

- не се донесени процедури за работа со кои ќе се обезбеди функционирање, следење, развој и финансиско управување и контрола на сите поважни трансакции и активности на субјектот односно не е донесен акт за текот на финансиската документација поврзана со побарувањата и обврските и извршените плаќања/наплати по истите;

- не е воспоставена поделба на должностите, односно не се назначени одговорни лица за одобрување, извршување, сметководство и контрола на активностите во процесот на финансиско работење, обврски и плаќање и издадените оперативни документи за активностите не се верификуваат од две меѓусебно независни лица;

- во Музејот нема одговорен сметководител што не е во согласност со член 16 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Отсуството на процедури и внатрешна контрола не е во согласност со Стандард 12 и 14 од Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор и создава ризик финансиските трансакции да не се извршени согласно законските прописи и да не се темелат на соодветна сметководствена документација за обезбедување на целосни, вистинити и веродостојни информации.

**Препорака:**
Одговорното лице на Музејот да преземе мерки и активности и тоа:

- да се воспостави систем на внатрешни контроли, со донесување на пишани процедури за финансиско работење и да се обезбеди нивно целосно спроведување и
- да се назначи одговорен сметководител.

## 3.2 Усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Од извршените детални тестирања на Плати и надоместоци со увид во досиејата на дел од вработените ревизијата ги констатира следниве состојби:

- Музејот нема воспоставено систем и процедури за управување со ефектот на вработените кои вршат работи од административна природа – административните службеници преку нивно континуирано следење и оценување и предлагање на мерки за нивно подобрување и не се спроведува постапка за нивно оценување, што не е во согласност со член 7 од Законот за вработените во јавниот сектор, член 61 од Законот за административните службеници и член 13 и 22 од Статутот на Музејот;
- одговорното лице на Музејот на ден 19.09.2016 година без објавување на интерен оглас, донел решенија за распоредување на две вработени лица-административни службеници од работни места со пониско звање (информатичар и стручен соработник за односи со јавност и меѓународна соработка) на работни места со повисоко звање-советник (лицето распоредено на работно место Советник за меѓународна соработка и односи со јавност не го исполнува условот за потребно Високо образование со 240 ЕКТС кредити утврден со Правилникот за систематизација на работни места);

  Вака донесените решенија не се во согласност со член 6 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор и член 30 став 3 од Законот за административни службеници, со кои е уредено дека постапката за унапредување се врши со интерен оглас, и
- кај две помошно-технички лица со решенијата за плата се утврдени помали коефициенти од пропишаните во Колективниот договор за Музејот, со што се исплатени помали плати.

Од причина што не е извршено оценување не постои можност да се утврди придонесот на секој вработен, во насока на ефикасно и ефективно функционирање на институцијата и има влијание врз можноста за унапредување и кариерно напредување на вработените.

**Препораки:**

Одговорното лице на Музејот :

- да преземе мерки и активности за изготвување и примена на интерни акти во однос на спроведување на постапката за оценување на административните службеници;
- постапките за унапредување на вработените да се вршат со објавување на интерен оглас во согласност со законските одредби, и
- решенијата за плата да ги донесува согласно актите кои се во примена.

3.2.2. Националната установа Музеј на македонската борба за државност и самостојност „Музеј на внатрешната револуционерна организација и музеј на жртвите од комунистичкиот режим" (Музејот) – Скопје е основана во 2008 со Одлука на Владата на РМ[1]. Согласно член 1 од Одлуката, Музејот се основа заради заштита, истражување, собирање, средување, стручно и научно обработување и проучување на музејски предмети значајни за национално ослободителната и револуционерна борба на македонскиот народ и неговата револуционерна организација и личности кои станале жртви на комунистичкиот режим.
Согласно Законот за музеите, музеј може да почне со работа ако ги исполнува посебните услови предвидени во член 7 став 1 и тоа: да се обезбедени основни средства за почеток на работа, финансиски средства за одржливо вршење на дејноста, да постои елаборат за основање на музеј, да се обезбедени соодветни простории и опрема за чување и презентирање на музејски фонд, да е обезбеден музејски материјал со документација кој може да послужи како основен музејски фонд и да има вработено соодветен стручен кадар.
Согласно член 7 став 2 од Законот за музеите, основачот на музејот доставува барање за почеток со работа на музејот до Министерство за култура, со потребната документација за исполнувањето на условите врз основа на кои Министерот носи Решение за исполнување на условите за работа на Музејот. За периодот од основањето до декември 2018 година не е издадено решение за исполнување на посебните услови за работа на Музејот.
Министерството за култура има издадено Решение[2] за исполнување на посебни услови за работа на НУ Музеј на македонската борба за самостојност во декември 2018 година. Одговорното лице на Музејот има преземено активности за комплетирање со потребниот стручен кадар и изготвување на елаборат за основање на музеј.

**Препорака:**
Одговорното лице на Музејот да продолжи со преземањето мерки и активности за целосно исполнување на условите за работа на музеј предвидени во законската регулатива.

[1] Одлука за основање на НУ – Национален музеј на македонската борба за државност и самостојност – Музеј на ВМРО и музеј на жртвите од комунизмот Бр. 19-3729/1 од 25.07.2008
[2] Решение за исполнување на посебните услови на Музејот бр. 03-435/5 од 19.12.2018

3.2.3. Музејот нема извршено ревизија на музејски предмети согласно член 21 од Закон за музеите каде е пропишано дека музеите се должни да вршат ревизија на музејските предмети најмалку на секои 5 години, со цел да се утврди состојбата на музејските предмети и потребата за преземање на соодветни мерки за нивна ефикасна заштита. Ненавремено или воопшто не вршење на ревизија на музејските предмети создава ризик од не преземање на ефикасни и навремени мерки за заштита, како и ризик од отуѓување на културното наследство од особено значење во државна сопственост.

На 14.02.2019 година в.д. директорот на Музејот донел Решение за формирање на комисија за ревизија на музејски материјал, во состав од 4 члена, со задача да ја започне постапката на ревизија на музејски материјали на ден 18.02.2019 година и истата да ја заврши најдоцна до 31.12.2019 година, за што треба да се изготви и извештај.
За време на ревизијата постапката беше започната и активностите беа во тек.

**Препорака:**
Одговорното лице да преземе мерки и активности комисијата да ги заврши започнатите активности согласно утврдените рокови.

## 3.3 Финансиски извештаи

3.3.1. Музејот нема воспоставено соодветна сметководствена евиденција односно не води деловни книги за секоја сметка, во кои поодделно треба да се обезбедат податоци за сите видови приходи и расходи, како и поодделно за состојбата на средствата, побарувањата и обврските. Со увидот во начинот на евидентирање на деловните промени утврдивме дека од страна на Музејот воспоставена е единствена евиденција за двете сметки (603 и 787) преку која се врши евидентирање на промените во текот на годината, без при тоа да се изврши разграничување на промените по одделните сметки. На крајот на годината, со оглед дека софтверското решение дава збирни податоци, при изготвување на финансиските извештаи овие податоци рачно се рекласифицирани без при тоа да ни бидат презентирани критериумите за начинот на нивното разграничување. Со увидот во финансиските извештаи утврдивме дека не е извршена правилна распределба на кореспондентните билансни позиции во финансиските извештаи, не се пренесени состојбите од претходната година ниту пак изработените бруто биланси се усогласени со финансиските извештаи.
Исто така во Музејот не се води сметководствена евиденција согласно пропишаниот сметковен план за буџетските корисници во Правилникот за сметковниот план за буџетите и буџетските корисници, донесен врз основа на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Ваквиот начин на водење на сметководствената евиденција не е во согласност со одредбите од член 3, 4, 6 и 15 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, член 4 и 16 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и глава 3 од Упатството за трезорско работење, поради што ревизијата не можеше да се увери во точноста и објективноста на искажаните позиции во финансиските извештаи.

**Препораки:**
Одговорното лице да преземе мерки и активности и тоа:

- сите деловни трансакции во текот на годината да бидат евидентирани во посебни деловни книги за секоја сметка одделно;
- лицето задолжено за водење на деловните книги во текот и на крајот на известувачкиот период при изготвување на финансиските извештаи да обезбеди правилно разграничување на кореспондентните билансни позиции и нивна рамнотежа, и
- да се воведе сметководствена евиденција согласно Правилникот за сметковниот план за буџетите и буџетските корисници.

3.3.2. Постојаните средства во Билансот на состојба кои се проценети во износ од 276.452 илјади денари се нереално и необјективно прикажани поради следното:

- Со извршениот увид во начинот на евидентирање на средствата се констатира дека Музејот има посебна база во која се води материјална евиденција на средствата која што содржи податоци за сите материјални средства, но во неа не е извршено правилно групирање на истите, односно не може да се добие точна информација за износот на градежни објекти, опрема и др. Финансиската евиденција не е усогласена со материјалната евиденција, а финансиските извештаи се изготвени врз основа на податоците од материјалната евиденција;
- објектите Музеј на македонската борба за самостојност и Порта Македонија не се евидентирани на сметка Градежни објекти во сметководствената евиденција. Владата на РМ има донесено Одлуки[3] за давање на трајно користење на недвижни ствари на Музејот[4]. Од страна на Министерството за култура, со допис и прилог финансиски картици е информиран Музејот за вредноста на објектите, односно вредноста на Музејот е 698.220 илјади

[3] Одлука престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Национална установа Музеј на македонската борба за државност и самостојност Музеј на внатрешната македонска револуционерна организација и музеј на жртвите на комунистичкиот режим бр. 41-4847/1 од 23.07.2013 и Одлука бр. 41-8456/1 од 06.11.2012

[4] објект зграда бр. 1 со адреса на ул. Иљо Војвода, запишан со имотен лист 100372 односно објект зграда бр. 1 лоцирана на улица 11-ти Октомври ББ, запишан со имотен лист бр.100080.

денари и на Порта Македонија 285.256 илјади денари но по истите не е постапено;
- согласно Одлука од Владата[5] и склучен договор[6] помеѓу Министерство за култура и Музејот за давање на трајно користење на движни ствари – Систем за контрола Data Loger за постојан мониторинг на параметрите (температура, притисок и влага), составен од електронски уред, компјутер и придружен софтвер евидентирана е опрема без да се разграничи софтверот, кој треба да се евидентира на нематеријални средства;
- поради неточно групирање на средствата во материјалната евиденција, стапките за амортизација не се согласно Правилникот. Исто така пресметана е амортизација и за музејски материјали кои не подлежат на амортизација, и
- не е евидентирана пресметаната амортизација и ревалоризација за 2018 година, ниту се пренесени состојбите од претходна година како почетни состојби.

Ваквиот начин на водење на сметководствената евиденција не е во согласност со членовите 4, 6 и 19 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетите и буџетските корисници поради што не можеме целосно да се увериме во точноста и објективноста на искажаните позиции на постојаните средства во Билансот на состојба на 31.12.2018 година.

**Препорака:**
Стручните служби во Музејот да преземат мерки и активности за реално утврдување и точно евидентирање на сите материјални средства во деловните книги и финансиските извештаи.

3.3.3. Пописот на средствата и изворите на средствата со состојба на 31 декември 2018 година не е извршен на начин предвиден со одредбите наведени во член 21 од Закон за буџетите и буџетските корисници и член 29-35 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, од следниве причини:
- не е донесен интерен акт за вршење на попис со кој ќе се обезбеди пописните комисии своето работење и извршување на надлежностите кои се однесуваат на пописот да ги вршат со цел утврдување на фактичката состојба на сите средства со кои располага Музејот и нивно усогласување со сметководствената евиденција, во рок и на начин како што е предвидено согласно законските и подзаконските акти;
- извештаите од комисија за попис не се усвоени од Управниот одбор;

[5] Одлука на Владата на РМ бр. 42-1829/1 од 23.02.2016 (сл.весник 42/2016)
[6] 03-172/2 од 14.03.2016

- пописните листи се со не целосни податоци за средствата, односно не е извршено групирање и означување на средствата за нивно полесно и правилно попишување;
- не е извршено одбележување на средства со инвентарни броеви;
- не е извршен попис на книгите во библиотеката од основањето на Музејот, со што е надминат законски утврдениот рок за вршење на попис кој треба да биде пократок од пет години;
- пописот на паричните средства во денарската и девизната благајна не е извршен со броење според апоени, туку констатирано е салдо во благајните;
- со пописот на побарувањата и обврските не се утврдени состојбите заклучно со 31.12.2018 година, не е утврден правниот основ за нивното постоење, старосната структура, дали се уредно, хронолошки и правилно евидентирани во сметководствената евиденција и причините за неплаќање на обврските односно дали се преземени мерки за наплата на побарувањата, и
- пописната комисија не извршила вредносно усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена со пописот, односно извршен е само физички попис на материјалните средства, поради што не е утврдена евентуална материјална и вредносна разлика.

Поради нецелосно и неправилно извршениот попис ревизијата не доби соодветни ревизорски докази за да се увери во реалноста и објективноста на искажаните средства и извори на средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2018 година.

**Препораки:**

- Одговорното лице на Музејот да организира попис на начин како што е предвидено со Законот и со Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и
- Извештаите од пописната комисија да бидат доставени на усвојување од Управниот одбор.

## 3.4. Користење на средствата согласно законските прописи

### Јавни набавки

Со цел стекнување уверување за усогласеноста на користењето на средствата на Музејот за 2018 година согласно Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и на реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени вкупно 6 постапки за јавни набавки, од кои 3 постапки за јавни набавки се спроведени во 2018 година, 3 постапки за јавни набавки спроведени во 2017 година а имаат реализација во годината предмет на ревизија. Вкупната вредност на ревидираните договори во 2018 година е во износ од 3.108 илјади денари или 84% од вкупниот износ на склучени договори и за 2017 година ревидираниот износ е 3.969 илјади денари и претставува 86% од вкупниот износ на склучени договори во 2017 година.

Од увидот на приложената документација за спроведените постапки и нивната реализација ги утврдивме следните состојби:

3.4.1. Установата нема определено лице или организациски облик во чии рамки ќе се вршат работите од областа на јавните набавки што не е во согласност со член 29-а од ЗЈН. Со Правилникот за систематизација на работните места во Музејот на македонската борба за самостојност во Одделението за општи работи предвидено е работно место Соработник за инвестиции и јавни набавки кое не е пополнето. Директорот на Установата не определил лице за следење на реализацијата на договорите односно проверка на фактурите во однос на договорите – тендерите по вид, количина и цена на производите и услугите.

3.4.2. Во текот на 2018 година без постапка за јавни набавки извршени се набавки на стоки и услуги во вкупен износ од 496 илјади денари, кои се однесуваат на набавка на услуги од фиксната телефонија, сервисирање на лифтот во Порта Македонија, услуги за метално – браварски работи, одржување на хигиена, набавка на информатичка и видео опрема што не е во согласност со член 2 и 5 од ЗЈН (Прилог 1).

Утврдените слабости во примената на ЗЈН не обезбедуваат транспарентност, фер конкуренција и објективност при изборот на понудувачите што создава ризик од нерационално и неефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавни набавки.

**Препорака:**
При изготвување на Планот за јавни набавки, надлежните во Музејот да ги утврдат реалните потреби за набавка на стоки, работи и услуги.

3.4.3. Спроведена е постапка за јавна набавка со барање за прибирање на понуди 11/2017, врз основа на која Музејот има склучено договор со економски оператор за сервисирање и промена на неколку делови на клима уредот во износ од 295 илјади денари без ДДВ. Техничката спецификација е збирна односно понудена е една цена за одржувањето на делови (без понудени поединечни цени за нив) со работна

рака. Со ревизијата утврдивме дека клима уредот се сервисира делумно (промена на делови) и се фактурира по цени и позиции кои отстапуваат од спецификацијата. Оваа состојба не е во согласност со член 165 од ЗЈН и создава ризик на реализацијата на договорот (количина и вредност) да отстапува од бараното во тендерската документација и склучениот договор.

**Препорака:**
Набавката на стоки и услуги да се врши во согласност со пишаните правила и норми во законската регулатива во функција на обезбедување конкуренција, еднаков третман и недискриминација, транспарентност и јавност при набавките.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 3.2. и 3.4. се однесуваат на:

- несоодветна исплата на плати и надоместоци;
- унапредување на административни службеници без спроведување на постапка;
- ненавремено донесување на решение за исполнување на условите за работа на Музејот;
- неизвршена ревизија на музејските предмети;
- набавки без спроведување на постапки за јавни набавки и
- слабости во постапките за јавни набавки како и набавки без почитување на Законот за јавни набавки.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата објаснети во точка 3.3. ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основа за мислење за ревизија. Согласно тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Музеј на македонската борба за самостојност, сметка на основен буџет (603), на ден 31 декември 2018 година.

**Мислење за усогласеност со законите и прописите**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2. и 3.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на НУ Музеј на македонската борба за самостојност - сметка на основен буџет (603), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

Министерот за култура со решение од 23.08.2018 година именувал вршител на должноста директор на НУ Музеј од редот на вработените по донесување на решение за разрешување на претходниот директор, а постапувајќи по член 34 став 1 од Законот за култура. Согласно одредбите од истиот член став 3, вршителот на должноста директор се именува за време до изборот на директор на националната установа, а најдолго за шест месеци. Министерот за култура по истекот на шест месеци, со решение од 05.03.2019 година повторно го именува истото лице за вршител на должноста директор. На овој начин министерот за култура не постапил во согласност со одредбите од став 4 од член 34 од Законот за култура, бидејќи бил должен веднаш по именувањето вршител на должност да распише јавен оглас за директор и да изврши избор. Ревизијата е на мислење дека не навремениот избор на директор на национална установа може да има влијание на ефектите од работењето на истата.

**НУ Музеј на македонската борба за самостојност**
**Сметка на основен буџет (603)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2018 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2018** | **2017** |
| | | | |
| **Приходи** | **3.1.** | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 22.094 | 25.938 |
| **Вкупно приходи** | | **22.094** | **25.938** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2.** | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 12.674 | 12.758 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 5.835 | 11.624 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 3.585 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **22.094** | **24.382** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | **3.3.** | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 0 | 1.556 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **0** | **1.556** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **22.094** | **25.938** |

**НУ Музеј на македонската борба за самостојност**
**Сметка на основен буџет (603)**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Постојани средства** | **4.1.** | | |
| Материјални средства | 4.1.1. | 276.452 | 270.827 |
| **Вкупно постојани средства** | | **276.452** | **270.827** |
| **Вкупна актива** | | **276.452** | **270.827** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.2.** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 276.452 | 270.827 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **276.452** | **270.827** |
| **Вкупна пасива** | | **276.452** | **270.827** |